# Големи зделки и зделки со заинтересирана страна

**проф. д-р Марко Андонов**

м-р Наташа Савовска Димитровска

# Големи зделки

- Примарна цел – заштита на интересите на сопствениците на акциите/уделите на друштвото од потенцијални штетни зделки/трансакции.
- Постапката за одобрување на големи зделки, зависно од висината на зделката/трансакцијата, ги ограничува надлежностите на Управителите/Одборот на директори/НО на друштвото.
- Голема зделка и зделка со заинтересирана страна се различни институти на деловното право, но постојат случаи кога друштвата при донесување одлуки за одобрување големи зделки /трансакции треба паралелно да ја почитуваат и законската постапка за одобрување зделка со заинтересирана страна, доколку од другата страна на зделката/трансакцијата се наоѓа заинтересирано лице.

# Големи зделки

- Дефиниција на голема зделка (член 455 став 1 ЗТД):

“зделка или меѓусебно поврзани зделки кои се однесуваат на стекнување или отуѓување или на можно отуѓување, директно или индиректно на имотот на друштвото, чија што вредност изнесува над 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото.”

- исклучок на зделки поврзани со стекнување преку запишување обични акции на друштвото и зделки поврзани со стекнување на конвертибилни обврзници.
- Во статутот на друштвото можат да бидат определени и други зделки на кои ќе се применува постапката на одобрување на големи зделки.

# Одобрување големи зделки

- Зависно од големината, големите зделки можат да ги одобрат:
  - одборот на директорите (кај друштва со едностепен систем на управување),
  - надзорниот одбор (кај друштва со двостепен систем на управување) или
  - Собранието

# Одобрување големи зделки

- Зделка во врска со имот со проценета вредност над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Одборот на директори, односно на Надзорниот одбор.
- Доколку нема согласност од Одборот на директори или Надзорниот одбор, одлуката може да ја донесе Собранието со најмалку мнозинство гласови од претставените акции на Собранието со право на глас.
- Зделка во врска со имот со проценета вредност над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото се донесува со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

# Зделки на друштвото со заинтересирана страна

- Зделки со заинтересирана страна настануваат кога две лица (страни) со веќе претходно постоечка врска се впуштаат во некоја деловна трансакција.
- Треба да се има предвид дека нема да стане збор за зделка со заинтересирана страна доколку станува збор за друштво основано од едно лице кое истовремено управува со друштвото, како и доколку сите сопственици на друштвото имаат интерес во реализација на предметната зделка/трансакција.

# Зделки на друштвото со заинтересирана страна

- Зделките со заинтересирана страна можат да создадат конфликт на интереси, да го нарушат финансиското работење и да ја “поткопаат” довербата на потенцијалните инвеститори. Ваквите трансакции претставуваат ризик од „самозастапување“ на лични интереси.
- Имајќи ги предвид овие ризици, неопходно е секое друштво правилно да управува со овие ризици при зделки со заинтересирани лица, така што ќе обезбеди имплементирање на предвидените законски обврски за одобрување на овие зделки.

# Зделки на друштвото со заинтересирана страна

- Дефиниција на зделка со заинтересирана страна (член 457 став 1 ЗТД):

“Зделка на друштвото со член на орган на управување, односно надзорниот одбор или управителот, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна.”

# Зделки на друштвото со заинтересирана страна

- Заинтересираните лица (согласно член 457 ЗТД) се должни да го известат одборот на директори или надзорниот одбор:
  - за друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, односно акции со право на глас,
  - за друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции и
  - на нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна.

# Одобрување зделки со заинтересирана страна

- Зделките со заинтересирана страна претходно се одобруваат од:
  - одборот на директорите (кај друштва со едностепен систем на управување),
  - надзорниот одбор (кај друштва со двостепен систем на управување) или
  - Собранието
- Зделката ја одобруваат членовите на одборот на директори/НО кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови имаат интерес или пак бројот на членови кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата, одлуката ја носи Собранието.

# Одобрување зделки со заинтересирана страна

- Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас и тоа, ако зделката или поврзаните зделки се однесуваат на:
  - на имотот кој изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото;
  - на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото
  - издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

# Одобрување зделки со заинтересирана страна

- Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.
- Заинтересирана страна е одговорна за предивиканата штета кон друштвото, акционерите и кон другите членови на органот на управување, односно надзорниот одбор или управителот, за штетите во рок од три години од денот кога е одобрена зделката со заинтересираната страна. Ако повеќе заинтересирани страни се одговорни, нивната одговорност е солидарна.

# Судска пракса (ТС-775/10)

- Пресуда ТС-775/10 од 25.03.2011 година на Основен граѓански суд Скопје:
- Судот поништил одлука на Собрание на акционери на тужениот за одобрување голема зделка (оттуѓување недвижност сопственост на друштвото), бидејќи при донесување на одлуката учествувал акционер кој поседувал повеќе од 20% од акциите, кој акционер се јавува како купувач на недвижноста предмет на продажба.
- Се утврдува дека друштвото, односно Собранието на акционери, требало да одлучува согласно чл. 460 ЗТД – постапка за одобрување голема зделка со заинтересирана страна, а не согласно чл. 456 ЗТД – постапка за одобрување голема зделка.

# Судска пракса (ТС-3363/07)

- Пресуда ТС-3363/07 од 26.11.2013 година на Основен граѓански суд Скопје:
- Тужителот (мнозински акционер кај тужениот), меѓу другото, со тужбеното барање побива одлука на Собрание на акционери, на основа дека неосновано УО на тужениот го префрлил товарот на одлучување за одобрување на големата зделка (продажба на недвижност, со вредност над 20% до 50% книговодствена вредност на имотот на друштвото) на Собранието, наместо да побара НО едногласно да ја одобри зделката.

# Судска пракса (ТС-3363/07)

- Став на судот:

“Собранието на друштвото е највисок орган на друштвото. Во него се претставени сите акционери, кои на собранието ги остваруваат своите права во друштвото, собранието одлучува за најважните прашања за друштвото, а меѓу другото одлучува и за избор и отповикување на членовите на одборот на директори и на членовите на надзорниот одбор и за одобрување на нивната работа. Во ставот 1 на чл.456 е определено дека според големината, секоја голема зделка мора да биде одобрена од одборот на директорите, надзорниот одбор или собранието. Од цитираната законска одредба произлегува дека големата зделка претставува прашање од надлежност на собранието на друштвото и дека ваквата зделка мора да биде одобрена од одборот на директори кај едностепениот систем на управување на акционерското друштво, односно надзорниот одбор кај двостепениот систем на управување или од собранието на друштвото и тоа од еден од овие органи алтернативно. Во конкретниот случај највисокиот орган на друштвото во кој учествуваат сите акционери одлучувал и едногласно донел одлука за продажба на дел од имотот. “

# Одобрување зделка со заинтересирана страна кај АД чии хартии од вредност котираат на овластена берза

- Дополнителни критериуми за одобрување на зделка.
- Доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

# Одобрување зделка со заинтересирана страна кај АД чии хартии од вредност котираат на овластена берза

- Мислењето од овластениот ревизор во врска со зделката се однесува на тоа дали:
  - е во согласност со важечките прописи во земјата,
  - вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови (фер зделка),
  - постои несразмерност во заемните давања на страните,
  - постојат и какви било други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

- Друштвото може да ја реализира зделката со заинтересирна страна само доколку пред одобрувањето на зделката е добиено мислење од овластен ревизор.

# Одобрување зделка со заинтересирана страна кај АД чии хартии од вредност котираат на овластена берза

- Акционер во трговско друштво со право на глас, доколку смета дека друштвото е оштетено може да поднесе тужба до надлежен суд за поништување на договорот со заинтересирана страна.
- Тужбата може да се поднесе во рок од една година од денот на сознавањето за постоењето на договорот, но не повеќе од три години од денот на неговото одобрување согласно со одредбите од овој закон.
- Ако судот го поништи договорот, заинтересираната страна која стекнала корист од ваквиот договор е должна на друштвото да му ја надомести обичната штета и испуштената корист (која ја опфаќа и добивката остварена од реализираната трансакција).
- Надоместувањето на штетата е во корист на друштвото.

# Одобрување зделка со заинтересирана страна кај АД чии хартии од вредност котираат на овластена берза

- Акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза е должно, по целосно реализирање на зделката со заинтересирана страна, веднаш а најдоцна наредниот работен ден, во најмалку еден дневен весник, на веб страницата на друштвото и на веб страницата на овластена берза да објави известување за реализираната зделка со заинтересирана страна.
- Известувањето содржи податоци за предметот и вредноста на реализираната зделка, добивката од реализираната зделка, лицата кои во зделката се заинтересирана страна, природата на односите со поврзаните страни, како и други информации во врска со интересот на лицето, односно поврзаните страни во зделката.

# Прашања